316:378.147.091.32(497.711)

# X СКОПСКО – КРАКОВСКИ СОЦИОЛОШКИ СЕМИНАР ГЛОБАЛНО /ЛОКАЛНО – ЛОКАЛНО/ ГЛОБАЛНО СКОПЈЕ, СЕПТЕМВРИ 15-18 2009 ГОДИНА

Во периодот од 15 до 18 септември 2009 година во Скопје беше организиран X Скопско – Краковски социолошки семинар на тема **Глобално / локално – локално / глобално.** Овој семинар го организираа Институтот за социологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Институтот за социологија на Филозофскиот факултет при Јагелонскиот Универзитет во Краков, Република Полска.

Соработка меѓу овие двата Института има долга традиција која трае веќе триесетина години. Во рамките на таа соработка се реализирани десет научни социолошки семинари. На семинарите беа анализирани најзначајните проблеми, на полското и македонското општество.

Семинарот започна со поздравниот говор на Ректорот на универзитетот „Св Кирил и Методиј", проф. д-р Велимир Стојковски, кој истакна дека трајната определба на Универзитетот е да се организираат вакви меѓународни семинари, како и подготвеноста за соработка и со други универзитети од целиот свет. Исто така, во оваа сесија се обрати Деканот на Филозофскиот факултет, проф. д-р Горан Ајдински, кој посочи дека ја подржува оваа соработка меѓу двата Факултети, чија соработка е озваничена и со официјален договор. Во таа смисла, Продеканот на Филозофскиот факултет при Јагелонски Универзитет, проф. д-р Јарослав Гурњак укажа на продолжување на отворената и функционалната соработка. Кон овие размислувања, се приклонија раководителот на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје, проф. д-р Зоран Матевски и директорот на Институтот за социологија при Јагелонскиот универзитет во Краков проф. д-р Марек Куќа. Токму за таа комуникација, традицијата и 30 годишна соработката со Институтот за социологија на Јагелонскиот универзитет говореше и проф. д-р Ѓорѓе Младеновски. Суштинската карактеристика на оваа соработка се трудовите од овие семинари кои се публикуваат во зборници. Проф. д-р Мариан Њезгода ја престави книгата: *Културата во транзиција- Транзиција во културата* која што произлезе од IX Краковско- скопски социолошки семинар одржан во Краков, 2006 година.

Работата на Семинарот се одвиваше во четири сесии. Првата сесија беше посветена на концепциите за процесите на глобализацијата, поточно на неколку клучни аспекти: пограничните подрачја на Централна Европа; прашањето за глобализацијата и националниот идентитет; Полјаците и другите –

за социјалната дистанца помеѓу полјаците и другите етнички групи; универзитетското образование во Република Македонија меѓу глобалното и локалното ; улогата на социјалниот капитал во глобалното општество; глобализацијата и улогата на граѓанското општество.

Втората сесија беше посветена на централните прашања кои се непосредно поврзани со глобализацијата, какви што се: глобализацијата, регионализацијата и социјалните аспекти на светската финансиска криза; евалуација на програмските политики и нивниот однос со социологијата; креативните индустрии во процесот на глобализацијата; улогата на религијата во постконфликтниот период во Република Македонија.

Третата сесија беше посветена на посебните социолошки аспекти од процесите на глобализацијата: ефектите на меѓународните миграции на високото квалификуваните лица врз општествениот развој; полското село во ерата на глобализацијата; корупцијата како глобален проблем.

Четвртата сесија се однесуваше на прашањата како што се: за социјалните спацијалности – белешки за социјалната реорганизација на просторот и времето; сиромаштијата, жената и глобализацијата; глобалното и локалното во создавањето на медиумска доверба- анализа на самоописот на медиумите во Полска; етничноста и глобализацијата; глобалното во локалното- случајот на Република Македонија; вредностите во образовниот систем на Република Македонија и регионот.

Семинарот имаше и завршна сесија на која беа изнесени заклучните согледувања. Голем дел од учесниците ги изнесоа своите импресии од Семинарот, конкретно за квалитетот на дискусиите и неговата организација. Токму затоа, овој јубилеен 10- ти социолошки семинар доживеа голем успех. Тој успех се должеше на плодната научна расправа за прашањата поврзани со процесите на глобализацијата, поточно за односот на глобалното и локалното.

Традиционално, трудовите на учесниците на овој X Скопско – Краковски социолошки семинар ќе бидат публикувани во посебен зборник. Посебната вредност на овие трудови е иницирањето на прашањето за односот на глобалното и локалното како дел од процесите на глобализацијата во контекст на искуствата на македонското и полското општество. Несомнено, е дека овие трудови ќе ги надополнат научните достигнувања на социологијата во пошироки рамки, а ќе послужат и како корисно четиво за студентите од институтите на социологија од двата Универзитети.

М-р. Марија Дракуловска – Чукалевска
Член на организациониот одбор на семинарот